ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Секретаријат за европски прашања**

**И Сонцето е ѕвезда · Македонија во ЕУ**
**The Sun, too, is a star · Macedonia in the EU**

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЕВРОПСКО ПАРТНЕРСТВО 2005

**јануари 2006**

***СОДРЖИНА:***


***Вовед***

***Одлука на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Република Македонија 2005***

***Список на кратенки***

***АКЦИСКИ ПЛАН - МАТРИЦА НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ***

## ВОВЕД

Со стекнувањето на кандидатскиот статус за членство во ЕУ, Република Македонија се подготвува за пристапување кон Унијата со зголемен политички ангажман и интензивиран реформски процес.

Акцискиот план за Европско партнерство 2005 година е документ кој се надоградува на минатогодишниот Акциски план за Европското партнерство 2004. Истовремено, овој план е дел од Национална програма на Република Македонија за усвојување на acquis, која е во финална фаза на подготовка.

Мерките предвидени во Акцискиот план со цел да се исполнат приоритетите на Европското партнерство 2005 се изградени врз основа на Мислењето за барањето на Република Македонија за членство во Европската унија и Аналитичкиот извештај.

Имајќи предвид дека 2006 година е исклучително важна за Република Македонија, со оглед на тоа што успешното спроведување на краткорочните приоритети може да доведе до започнување на преговорите за членство во Европската унија, Владата одлучи веднаш по објавувањето на Мислењето и Предлогот на Одлуката на Европското партнерство да пристапи кон подготовка на овој Акциски план, со цел што понавремено и понасочено да се одговори на клучните приоритети од Партнерството. Оттаму, приоритетите во овој Акциски план за Европско партнерство 2005 се утврдени претежно како краткорочни – оние што се очекува да бидат исполнети за една до две години. Програмата на Владата за 2006 година е целосно конзистентна со овој Акциски план.

Севкупно, приоритетите (краткорочни и среднорочни) од Европското партнерство за Република Македонија, вклучувајќи ги и плановите за неопходните ресурси ќе бидат содржани во **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)** чие конечно усвојување се планира од страна на Владата на РМ во мај 2006 година.

Остварувањето на Акцискиот план ќе се следи на редовна основа, преку изградена база на податоци. Надлежните субјекти ја имаат обврската да известуваат за сите промени настанати во статусот на мерките и активностите. Владата на Република Македонија ја започнува секоја своја седница со пресек на реализацијата на мерките од Акцискиот план. Извештаи за напредокот ќе се подготвуваат на месечна основа.

Заложбата на Република Македонија да се стекне со датум за отпочнување на преговори за членство во ЕУ до крајот на 2006 година, ја поставува рамката за интензивиран внатрешен процес на реформи, со јасна приоретизација и фокусираност на ресурсите, за што треба да придонесе и овој документ.

**ОДЛУКА НА СОВЕТОТ**

**од 30 јануари 2006**

**за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Република Македонија* со која престанува да важи Одлуката 2004/518/ЕЗ**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за основање на Европската заедница,

имајќи ја предвид Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 533/2004 за основање на Европски партнерства во рамките на Процесот на стабилизација и асоцијација, а посебно член 2 од неа[1], имајќи го предвид предлогот на Комисијата, со оглед на тоа што:

(1) Солунскиот Европски совет од 19-20 јуни 2003 го поддржи воведувањето на Европското партнерство како средство за реализација на европските перспективи на земјите од Западен Балкан во рамките на Процесот на стабилизација и асоцијација;

(2) Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 533/2004 со која во член 2 се утврдува дека Советот треба да одлучи за принципите, приоритетите и условите што треба да се содржат во Европските партнерства, како и за сите последователни измени;

(3) Советот на 14 јуни 2004 година го усвои првото Европско партнерство со Република Македонија[2]. Потребно е да се обновува Европското партнерство со цел да се определат новите приоритети за натамошна работа врз основа на заклучоците од Мислењето за барањето на Република Македонија за членство во Европската унија.

(4) Регулативата (ЕЗ) бр. 533/2004 посочи дека следењето на Европското партнерство ќе се обезбеди во рамките на механизмите утврдени согласно процесот на стабилизација и асоцијација;

(5) со цел да се подготви за натамошна интеграција во Европската унија, Република Македонија треба да подготви план што ќе содржи рокови и конкретни мерки за исполнување на приоритетите од Европското партнерство.

(6) Одлуката 2004/518/ЕЗ оттука престанува да важи,

---

* Секретаријатот за европски прашања интервенираше во текстот при што референцата Former Yugoslav Republic of Macedonia е заменета со уставното име Република Македонија

[1] OJ L 86, 24.03.2004, стр. 1.

[2] Одлука на Советот 2004/518/ЕЗ од 14 јуни 2004 година принципите, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Република Македонија (OJ L 222, 23.06.2004, стр. 20).

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА ОДЛУКА:

*Член 1*

Во согласност со член 1 од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 533/2004, принципите, приоритетите и условите во Европското партнерство за Република Македонија се утврдени во Анексот кон него, којшто е составен дел на оваа Одлука.

*Член 2*

Спроведувањето на Европското партнерство се проверува со механизмите утврдени со

Процесот на стабилизација и асоцијација, видливи во годишните извештаи доставени од

Комисијата

*Член 3*

Одлуката 2004/518/ЕЗ престанува да важи

*Член 4*

Оваа Одлука влегува во сила третиот ден по нејзиното објавување во Службениот весник на Европската унија.

Брисел, 30 јануари 2006,

*За Советот*

*Претседател*

У.ПЛАСНИК

**АНЕКС**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:**
**ЕВРОПСКО ПАРТНЕРСТВО 2005**

## 1. ВОВЕД

Европскиот совет го поддржи воведувањето на Европското партнерство како средство за реализација на европските перспективи на земјите од Западен Балкан во рамките на Процесот на стабилизација и асоцијација.

Советот на 14 јуни 2004 година го усвои првото Европско партнерство со Република Македонија. Потребно е да се обновува Европското партнерство со цел да се определат новите приоритети за натамошна работа врз основа на

заклучоците од Мислењето за барањето на Република Македонија за членство во Европската унија. Второто Европско партнерство ги определува новите приоритети за дејствување.

Новите приоритети се приспособени согласно конкретните потреби на земјата и нејзините фази на подготовка, а истите ќе се обновуваат согласно потребите. Европското партнерство исто така обезбедува насоки за финансиска помош на земјата.

Република Македонија треба да подготви план што ќе содржи рокови и конкретни мерки за исполнување на приоритетите од Европското партнерство.

## 2. ПРИНЦИПИ

Процесот на стабилизација и асоцијација продолжува да биде рамка за европскиот тек на земјите од Западен Балкан, сè до нивното идно пристапување. Главните приоритети определени за Република Македонија се однесуваат на нејзиниот капацитет да ги исполни критериумите утврдени на Советот од Копенхаген од 1993 година и условите утврдени за процесот на стабилизација и асоцијација, видливи во условите кои Советот ги определи во неговите Заклучоци од 29 април 1997 година и 21-22 јуни 1999 година, содржината на последната Декларација на Самитот во Загреб од 24 ноември 2000 година и Агендата од Солун.

## 3. ПРИОРИТЕТИ

Приоритетите наведени во ова Европско партнерство се избрани врз основа на реални очекувања дека земјата може да ги исполни или значително да ги унапреди во текот на следните години. Се направи разграничување помеѓу краткорочните приоритети, кои се очекува да се исполнат во текот на една до две години и среднорочните приоритети, кои се очекува да се исполнат во текот на три до четири години. Приоритетите се однесуваат и на законодавството и на неговото спроведување опфатено со Европското партнерство.

Земајќи го предвид фактот дека трошоците што се бараат за спроведување и примена на *acquis* се значителни, како и сложеноста на барањата на ЕУ во одредени области, Европското партнерство не ги вклучува сите важни задачи во оваа фаза. Идните Партнерства ќе ги вклучат дополнителните приоритети во согласност со напредокот што ќе го постигне земјата.

Во рамките на краткорочните приоритети, главните приоритети се определени и групирани заедно на почетокот на делот 3.1. Редоследот на главните приоритети не означува рангирање по нивната важност.

### *3.1. Краткорочни приоритети*

**Главни приоритети**

- Да се обезбеди навремено спроведување на препораките на ОБСЕ-ОДХИР во однос на изборниот процес за следните избори

- Да се донесе Законот за полиција.

- Да се донесат измените на Уставот потребни за спроведување на реформите во судскиот систем во согласност со препораките на Венецискатa комисија. Последователно донесување и спроведување на мерките потребни за зајакнување на независноста на судиите (преку реформирањето на Судскиот совет и системот на нивниот избор), зајакнување на системот на обуки за судиите и јавните обвинители, подобрување на управувањето со предмети и намалување на заостанатите предмети.

- Да се поедностават постапките на регистрација и издавање на дозволи за трговски друштва, меѓу другото, преку спроведување на „едно шалтерскиот“ систем за регистрација на трговските друштва.

- Да се обезбеди соодветно спроведување на обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, посебно во областа на електронски комуникации и царина

**Политички критериуми**

***ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО***

- Да се консолидира владеењето на правото на целата територија, посебно преку навремено спроведување на реформите на органите за спроведување на законот.

***Избори***

- Да се отстранат недостатоците утврдени при изборниот процес и да се овозможи слободен и фер процес на следните парламентарни избори.

- Да се гонат сторителите на измами и неправилности.

***Јавна администрација***

- Да се обезбеди целосно спроведување на Законот за државните службеници, деполитизирање на вработувањето и напредувањето во кариерата на државните службеници и другите лица од јавната администрација и воведување систем на кариера заснован на заслуги.

- Да се подобри транспарентноста на администрацијата.

- Да се донесе и да спроведе Закон за пристап до информациите од јавен карактер.

- Да се обезбеди ефикасно спроведување на Кодекс на етичко однесување на државните службеници.

- Да се обезбеди соодветна соработка на сите државни органи со Народниот правобранител и да се подобри следењето на неговите препораки.

- Да се воспостават транспарентни и одговорни локални администрации и да се развијат внатрешните контроли и ревизии при управувањето со децентрализираните фондови.

***Правосуден систем***

- Да се обезбеди навремено спроведување на Стратегијата и на Акцискиот план за реформа во правосудството со цел зајакнување на неговата независност, зголемување на ефикасноста на судовите, како и зајакнување на целокупниот капацитет на правосудниот систем.

- Да се подобри извршувањето на граѓанските предмети и да се воспостави ефикасен систем на доставување на судските покани.

***Политика на антикорупција***

- Да се обезбеди целосно спроведување на препораките на Групата на држави против корупција (ГРЕКО).

- Да се подобри транспарентноста при донесувањето на јавните одлуки и при управувањето со државните средства (вклучувајќи го и земјиштето во државна сопственост, концесиите и јавните набавки).

- Да се спроведат препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата како и натамошно подобрување на координацијата и соработката помеѓу институциите задолжени за примена на законот.

- Да се прегледаат дискреционите права на одредени јавни службеници и да се донесат јасни прописи во однос на конфликтот на интереси.

- Да се обезбеди спроведување на донесеното законодавство за финансирање на политичките партии и за контрола на средствата на функционерите, како и да се наметнат ефикасни санкции во случај на прекршоци.

- Да се одреди степенот на феноменот на корупција во главните области на јавниот живот со цел да се воспостават ефикасни превентивни мерки и мерки на откривање.

- Да се засили капацитетот на полициските инспектори и обвинителите за справување со случаите на корупција. Да се обезбеди соодветна координација помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и Јавниот обвинител.

***Охридски рамковен договор***

- Да се обезбеди ефикасно спроведување на законската рамка усвоена во согласност со Рамковниот договор , меѓу другото, особено во однос на промовирање на мерките за градење меѓуетничка доверба.

- Да се заокружи потребната законска рамка за спроведување на процесот на децентрализација и да се обезбеди општините да имаат потребни средства за спроведување на новите надлежности.

- Да се донесе и почне со спроведување на Среднорочен стратешки план за правична застапеност на заедниците во јавната администрација (вклучувајќи го и судството) и јавните претпријатија.

*ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА*

- Да се обезбеди целосна усогласеност со Европската конвенцијата за човекови права, Конвенцијата за спречување на тортура, нечовечко и понижувачко однесување или казнување, и со другите релевантни меѓународни конвенции.

- Да се зајакне соработката помеѓу Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител.

- Да се донесе Законот за следење на комуникациите.

- Да се обезбеди целосно спроведување на прописите што се однесуваат на етиката, внатрешната контрола и професионалните стандарди во сите органи за спроведување на законите, судството и администрацијата во затворите.

- Да се подигне свеста кај полицијата, судиите, обвинителите и другите органи задолжени за спроведување на законите за нивните обврски во однос на човековите права и да се обезбеди дека истите ќе ги спроведуваат во согласност со меѓународните стандарди.

- Да се обезбеди целосно спроведување на уставниот принцип за одделување на религиозните заедници и групи од државата и да се ревидира законодавната рамка за религиозните заедници и групи.

- Да се спроведе новиот Закон за радиодифузија со цел да се гарантира независноста на медиумите и квалитетот на услугата што ја обезбедуваат.

- Да се унапреди почитувањето и заштитата на малцинствата во согласност со Европската конвенција за човековите права и принципите утврдени со Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националните малцинства во согласност со најдобрата пракса на земјите-членки на ЕУ.

- Да се обезбеди натамошно унапредување на пристапот во образованието за сите етнички заедници.

*РЕГИОНАЛНИ РАБОТИ И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ*

- Да се обезбеди регионална соработка и добрососедски односи , особено преку интензивирањето на напорите за изнаоѓање на компромисно и меѓусебно прифатливо решение за проблемот со името со Грција, во рамките на Резолуциите 817/93 и 845/93 на Советот за Безбедност при Обединетите Нации.

- Да се склучат и спроведат спогодби со соседните земји, имено за слободна трговија, прекугранична соработка, борба против организираниот криминал, недозволената трговија и криумчарење, соработка во областа на судството, управување со границите, животна средина, транспорт и енергија.

**Економски критериуми**

- Да се зајакне правната сигурност за економските субјекти. Да се забрзаат законодавните постапки и да се прочистат правата на сопственост. Да се преземат одлучувачки чекори во завршувањето на регистрацијата на земјиштето и недвижниот имот.

- Да се зајакне капацитетот на државата за решавање на економските спорови.

- Да се обезбедат административни одлуки донесени врз основа на транспарентни прописи, како и ефикасна административна и судска ревизија на одлуките донесени врз основа на дискрециони надлежности

- Да се подобри општата деловна клима, меѓу другото со засилување на спроведувањето и примената на законодавството во области како што се ревизијата и корпоративното сметководство. Да се зголеми нивото на привлечност на земјата за домашни и странски директни инвеститори.

- Да се намали должината на стечајната постапка, да се решат заостанатите стечајни постапки и да се намали бројот на останатите трговските друштва што се под стечај, но не се сè уште решени.

- Да се гарантира еднаков однос кон сите даночни обврзници. Да се реши феноменот на толерирање на одредени даночни обврзници кои не плаќаат даноци и придонеси за социјално осигурување. Да се елиминираат заостанатите долгови за плаќање на даноци и придонеси за социјално осигурување. Да се обезбеди ефикасно гонење на поединци и трговски друштва коишто учествувале во „пирамидалните“ програми за избегнување на плаќање данок.

- Да се заврши либерализацијата на пазарот. Посебно, да се продолжи процесот на приватизација и либерализација на мрежните капацитети.

- Да се работи на решавање на прашањето на невработеноста и да се поддржи отворањето на работни места. Да се осигури брзо спроведување на новиот Закон за работни односи и на реформата на Агенцијата за вработување. Да се иницираат дополнителни напори за унапредување на отворањето на работни места особено за жените и младите.

- Да се зајакнат прудентните стандарди и стандардите за надзор во банкарскиот сектор и осигурителниот сектор.

- Да се продолжи со усогласувањето на правната рамка за финансискиот сектор и нејзиното брзо спроведување, во интерес на достигнување на меѓународните стандарди и пракси.

- Да се обезбеди натамошно подобрување на управувањето со јавните финансии. Посебно, да се спроведе фискална децентрализација и да се продолжи со декомпресија на платната структура на државната администрација.

**Способност да се преземат обврските за членство**

***Слободно движење на стоки***

- Да се заврши преструктуирањето на постоечките институционални рамки со цел да се овозможи поделба на надлежностите на регулаторната функција и фunкциите за акредитација, стандардизација и доделување на сертификати на производите.

- Да се забрза стапката на усвојување на европските стандарди.

- Да се донесе законодавство кое се однесува на именување и нотификација на телата за оценка на сообразноста и да се обезбеди функционална инфраструктура за оценка на сообразноста.

- Да се донесе нов Закон за безбедност на производите.

- Да се развие структура за надзор на пазарот согласно *acquis* за слободно движење на стоки.

- Да се продолжи работа на транспонирање на директивите од Стариот приод и од Новиот и Глобалниот приод.

***Слободно движење на капитал***

- Да се обезбеди натамошно зајакнување на рамката за спречување на перење пари, особено со зголемување на свеста помеѓу институциите кои поднесуваат извештаи и преку воспоставување на веродостојна евиденција за примена на законот од страна на релевантните институции. Да се спроведе Националната стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот.

***Јавни набавки***

- Да се усогласи законодавство за јавни набавки со *acquis* посебно во комуналниот сектор.

- Да се обезбеди ефикасен систем за отштета, посебно што се однесува до странките кои може да побараат отштета и да се обезбеди продолжување на роковите за поднесување на жалби.

- Да се подигне свеста на јавниот сектор и да се усогласи со прописите за јавни набавки.

- Да се формира Биро за јавни набавки и да се обезбеди доволен персонал и опрема, исто така во однос на неговата улога за откривање на корупција.

***Право на трговски друштва***

- Да се продолжи со реформи во процесот на регистрација на трговски друштва со цел да се намали сложеноста и должината на постапките.

- Да се обезбеди соодветна примена на барањата за доставување на сметководствени и финансиски извештаи. Да се обезбеди спроведување на Меѓународните сметководствени стандарди.

- Да проработи Комисијата за сметководствени стандарди.

***Право на интелектуална сопственост***

- Да се воспостави веродостојна евиденција на спроведување во областа на заштитата на интелектуалните и индустриски права на сопственост. Да се обезбеди казните и другите санкции ефикасно да се применуваат и да имаат разубедувачки ефект. За таа цел, потребно е да се алоцираат соодветни средства за спроведување на законот, обвинителство и судовите.

***Конкуренција***

- Да се воспостави веродостојно досие за спроведување во областа на анти-труст и во областа на контрола на државната помош. Да и се доделат на Комисијата за заштита на конкуренцијата ефикасно средства за спроведување на законот, а на Комисијата за државна помош да и се обезбеди независност со обезбедување соодветен персонал и простории.

- Да се воспостави сеопфатен попис и известување за сите мерки за помош што се во сила.

- Да се обезбеди натамошно усогласување на законодавството со законодавството на ЕУ за конкуренција и со прописите на ЕУ за државна помош.

- Да се подигне свесноста кај владините институции и деловниот сектор.

***Финансиски услуги***

- Да се зајакне законската рамка и рамката за супервизија во финансискиот сектор, вклучувајќи и примена на истата, особено во однос на осигурителниот сектор и пазарот на хартии од вредност.

- Да се воспостави независен и соодветно кадровски екипиран орган за супервизија во осигурителниот сектор.

***Информатичко општество и медиуми***

- Да се прекине прекршувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со преземање на сите потребни мерки за исполнување на обврските за либерализација на секторот за електронски комуникации, вклучувајќи го и донесувањето на сите потребни подзаконски акти и дополнително зајакнување на регулаторните тела.

- Да се обезбедат заштитни мерки за конкуренција од операторите со значителна пазарна моќ.

- Да се обезбеди дека законодавството за медиумите е во согласност со препораките дадени во мај 2005 година од заедничката експертиза на Советот на Европа и Комисијата.

- Да се обезбеди дека законодавството против клевета ги одразува европските стандарди.

- Да се засили независноста и административниот капацитет на Советот за електронски медиуми.

***Земјоделство и рурален развој***

- Да се забрза процесот за регистрација на земјоделското земјиште во катастарот за недвижен имот.

- Да се донесе потребното законодавство и да се воспостави соодветна административна структура која може да работи со инструментите на ЕУ за рурален развој, вклучувајќи подготовки за формирање на платежна агенција за рурален развој.

***Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика***

- Да се продолжи со усогласување на законодавството со *acquis*. од областа на ветеринарството и фитосанитарната полтика

- Да се засили капацитетот на ветеринарната служба и на централно и на локално ниво за да се воспостави контролен систем компатибилен со оној на ЕУ, посебно за контроли при увозот. Да се засили управувањето и обуката на инспекторите.

- Да се воспостави систем за идентификација и регистрација на говеда и на други соодветни видови.

- Натамошно усогласување на системите за контрола на болестите и здравјето на животните со законодавството на ЕУ и институционалните потреби, како и со Плановите за акција против заразите за болести од листата-А.

- Да се подготви програма за надградба на капацитетите за производство на храна со цел да се исполнат барањата на ЕУ.

***Сообраќајна политика***

- Да се продолжи усогласувањето со *acquis* од областа на патен сообраќај, што се однесува до пристап на пазарот, транспорт на опасни материи, *acquis* од областа на социјалната и фискалната политика.

- Во железничкиот сектор, да се воспостави регулаторно тело независно од раководството за инфраструктура и железничките претпријатија. Да се воспостави тело одговорно за издавање на безбедносни сертификати. Да се усогласи законодавството со прописите на ЕУ за транспорт на опасни материи по железница.

- На полето на авиосообраќајот, да се продолжи со дополнително усогласување на безбедносните прописи и прописите за функционирање на пазарот. Да се зајакне административниот капацитет на органот за цивилна воздушна пловидба.

- Да се склучи Спогодба за заедничка европска воздухопловна област (ЕЦАА) со Протокол со преодни мерки за спроведување на законодавството на ЕУ за воздухопловство.

- Да се продолжи со споредување на Меморандумот за разбирање за развој за основната транспортна мрежа во ЈИЕ.

***Енергија***

- Да се започне со усогласување на законодавството на внатрешните пазари за електрична енергија и гас, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со *acquis* со цел постепено отворање на пазарот за енергија за конкуренција.

- Да се зајакне независноста на Регулаторната комисија за енергија.

- Да се почне со спроведување на **Договорот за енергетска заедница**.

- Да се зајакне административниот капацитет на сите енергетски сектори.

***Оданочување***

- Да се засили административниот капацитет за спроведување на законодавството за даноци и да се бори против одбегнување на плаќање данок.

- Да се преземат структурни мерки за итно реформирање на полицијата за контрола и да се подобри капацитетот за контрола.

- Да се развие стратегија за ревизија и соодветни системи за ИТ:

- Да се измени режимот за оданочување за тутунските производи со цел да се стави крај на постоечката дискриминација помеѓу домашните и увозните производи.

- Да се заложи за принципите на Кодот на однесување за деловно оданочување и да се обезбеди дека новите мерки за оданочување се во согласност со овие принципи.

***Статистика***

- Да се засили капацитетот на Државниот завод за статистика со цел да се овозможи навремено спроведување на земјоделскиот попис и пописот на стопанството, како и континуиран развој на националните сметки и нивните главни статистики. Да се засили собирањето и обработката на земјоделски статистики во согласност со стандардите и методологијата на ЕУ.

- Да се измени Законот за државна статистика со цел целосно да се усогласи со стандардите на ЕУ и да се создадат соодветни услови за спроведување на *acquis* од областа на статистиката.

***Претпријатија и индустриска политика***

- Да се продолжи со спроведувањето на Европската повелба за мали претпријатија. Да се воведе систем на ваучер за обука и советодавните услуги. Да се истражат можностите за олеснувања на плаќање на даноци за мали новоосновани трговски друштва. Да се подобрат начините за застапувањето и претставување на МСП.

- Да се воведе систематска оценка на влијанието на новата регулатива врз претпријатија

- Да се обезбеди почеток и професионално независно управување со гарантен фонд за заеми.

- Да се обезбеди ефикасна приемна на законодавството за електронски потпис.

***Регионална политика и координација на структурни инструменти***

- Да се развие сеопфатна и кохерентна стратегија и предлог-закон за регионален развој.

- Да се определат структурите на партнерство со што ќе се обезбеди тесна соработка помеѓу релевантните учесници на национално и регионални нивоа.

***Правда, слобода и безбедност***

- Да се донесе и спроведе законот за надзор на границата вклучувајќи ги и одредбите од Стратегијата за интегрирано управување со границите и Законот за странци. Да се спроведе Акцискиот план за интегрирано управување со границите. Да се подготви пишан прирачник во согласност со Шенген прирачникот за да се користи на сите премини за контрола на границата.

- Да се развијат главни бази на податоци за управување со границата и да се обезбеди нивната поврзаност. Да се надгради опремата за анализа на документи и надзор на границата. Да се воведат исправи за лична идентификација и патни исправи со висок квалитет. Да се обезбеди дополнителна обука на персоналот кој е пренесен од Министерството за одбрана врз основа на повеќегодишната програма за обука.

- Да се продолжи со спроведување на Акцискиот план за реформа на полицијата. Да се обезбеди соодветно финансирање и обука. Да се зајакне координацијата и соработката и меѓу полициските тела и помеѓу полицијата и другите тела надлежни за примена на законот.

- Да се развие и да се спроведе сеопфатна стратегија за човечките ресурси и обуки за полицијата. Да се надгради опремата посебно во специјализираните полиња на истрагата.

- Да се продолжи со спроведување на комплет на мерки за акција за борба против организираниот криминал. Да се создаде интегриран систем на криминалистичко разузнавање за меѓу - ресорска употреба во борбата против организираниот криминал, вклучувајќи недозволена трговија со луѓе, оружје и дроги.

- Да се развие Национална стратегија за дроги во согласност со Стратегијата на ЕУ за дроги 2005-2012 и добро организирана единица специјализирана за извршување на тајни задачи и да се обезбеди обука за водење на политика за криминалистичко разузнавање. Да се обезбедат соодветни ресурси за заштита на сведоци. Да се зајакне капацитетот истражување на компјутерскиот криминал.

***Животна средина***

- Да се подобри спроведувањето на законодавството и следењето на животната средина.

- Да се зајакне инспекторатот за животна средина и другите тела надлежни за примена на законодавството. Да се воспостави веродостојна евиденција за примена на законодавството. Да се обезбеди дека казните и другите санкции ефикасно се применуваат и имаат разубедувачки ефект.

- Да се зајакне административниот капацитет на национални и локални нивоа и да се почне со подготовка на стратешки планови вклучувајќи и финансиски стратегии.

- Да се развие стратегија за инвестирање во животната средина врз основа на проценетите трошоци за усогласување.

***Царинска унија***

- Да се усогласи нивото на општи царински давачки со *acquis*. Да се укинат посебните давачки од 100 евра за секое барање поднесено за намена на тарифните квоти, со оглед на тоа дека тие се во спротивност со *acquis* и ги прекршуваат одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

- Да се зголеми административниот капацитет за спроведување на законодавството од областа на царината и борбата преку граничниот криминал.

- Да се преземат сите потребни мерки за соодветно спроведување на прописите за потекло.

- Натамошно приближување на законодавството и постапките со *acquis,* посебно во областа на транзит, поедноставени постапки и тарифните квоти.

***Надворешни односи***

- Да се пристапи кон склучување на идната регионална спогодба за слободна трговија во Југоисточна Европа.

***Финансиска контрола***

- Да се донесе и спроведе конзистентно законодавство за целото поле на внатрешна контрола со која се опфаќаат сите релевантни аспекти на одговорност на раководството, независна внатрешна ревизија, усогласување на централно ниво, како и спречување на измама.

- Да се развие стратегија за јавна внатрешна финансиска контрола (ПИФЦ) или документ како основа за спроведување на среднорочните приоритети поврзани со внатрешна контрола на јавниот сектор.

- Да се заврши формирањето на функционално независните единици за внатрешна ревизија во институциите на централната власт и да се формираат такви единици на ниво на општините. Да се зајакне улогата за координација на Министерството за финансии. Да се обезбеди соодветен персонал, обука и опрема.

- Да се формира одделение за хармонизација на управувањето и контролата на финансиите во Министерството за финансии.

- Да се развијат ефикасни системи за управување, следење, контрола и ревизија потребни за спроведување на програмите во согласност со пред-пристапните инструменти на ЕУ под услови на децентрализирано спроведување.

- Да се засили оперативната и финансиската независност на Државниот завод за ревизија и да се обезбеди следење на заклучоците во нивните извештаи.

***3.2 Среднорочни приоритети***

**Политички критериуми**

*ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО*

***Јавна администрација***

- Да се обезбеди натамошно развивање на администрацијата за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

- Да се обезбеди натамошно унапредување на активно учество на граѓанското општество, вклучувајќи ги и социјалните партнери во процесот на донесување на одлуки.

*Правосуден систем*

- Да се обезбеди целосно спроведување на стратегијата и акцискиот план на реформата во судството. Да се обезбеди независност и ефикасност на судството.

- Да се постигнат мерливи резултати во унапредувањето на функционирањето на прасудството, при тоа зголемувајќи ја стапката на извршување на граѓански предмети.

- Да се обезбеди натамошно развивање на Академијата за обука на судии и обвинители.

- Да се обезбеди натамошно развивање на капацитетот на правосудниот систем со цел да се справи со организираниот и економскиот криминал.

- Да се обезбеди соодветна опрема и ИТ поддршка за судовите.

*Политика на антикорупција*

- Да се обезбеди натамошно спроведување на стратегијата за борбата против корупцијата и засилување на иницијативата за зголемување на свеста во администрацијата и меѓу пошироката јавност. Да се обезбеди ефикасно спроведување на мерките и законодавството донесено за борба против корупцијата.

- Да се развие методологија и работа со систем за собирање и размена на разузнавачки податоци и заеднички пристап до базите на податоци.

*Охридски рамковен договор*

- Да се заврши процесот на децентрализација и натамошно спроведување на стратегијата за еднаква застапеност на малцинствата во јавната администрација ијавните претпријатија.

*ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА*

- Да се обезбеди натамошно унапредување на почитување на човековите права од страна на органите за спроведување на законот, и во одделенијата за притвор и затворите

**Економски критериуми**

- Да се обезбеди натамошно подобрување на деловната клима. Посебно, да се заврши регистрацијата на целото земјиште и недвижен имот како и соодветно да се зајакне катастарот. Да се обезбеди извршување на правата на кредиторите во рамките на транспарентна правна рамка. Натамошно подобрување на условите за инвеститорите.

- Да се подобри квалитетот на управување паралелно со одржување на стабилни јавни финансии.

- Да се преземат чекори за интеграција на неформалниот сектор во формалната економија, посебно за целосно да ги вклучи вработените во системот за социјално осигурување и да ја елиминира нелојалната конкуренција од нерегистрираните трговски друштва.

- Да ја унапреди структурната промена и разнообразноста на економските активности со цел подобро да се остварат компаративните предности на земјата.

- Да се продолжи со регионалната економска интеграција. Да се модернизира транспортната и комуникациската инфраструктура. Да се прошири трговската интеграцијата на земјата во регионот.

- Да се намали релативно високата стапка на удел во непродуктивните расходи при тоа зголемувајќи го финансирањето во образованието, инфраструктурата и истражувањето и развојот.

- Да се модернизира образовниот систем. Да се усогласи квалитетот на образовниот систем со европските стандарди. Да се модернизираат наставните планови и програми на средното и високото образование. Да се зголемат напорите за

формирање на модерно стручно образование и систем на обука.

- Да се обезбеди натамошно подобрување на управувањето со јавните финансии. Посебно, да се спроведе фискална децентрализација и да се продолжи со декомпресија на платите на платната структура на државните службеници.

**Способност да се преземат обврските за членство**

***Слободно движење на стоки***

- Да се забрзаат напорите за станување на полноправна членка во ЦЕН и ЦЕНЕЛЕК и на Европскиот институт за телекомуникациски стандарди (ЕТСИ). ДА се гарантира соодветно ниво на персонал во Институтот за стандардизација.

- Да се зајакне административниот капацитет потребен за ефикасен надзор над пазарот.

- Да се воведат клаузули во законодавството за взаемно признавање.

***Слободно движење на работници***

- Да се развие доволен административен капацитет за спроведување на прописите на Заедницата за координација на програмите за социјално осигурување.

***Право на основање претпријатија и слобода на давање услуги***

- Да се донесе законодавство за признавање на странски професионални квалификации и да се создадат административни структури и процедури за оваа намена.

- Да се донесе поштенска политика врз основа на Директивите од областа на поштата вклучувајќи го основањето на независно национално регулаторно тело на полето на поштенските услуги.

***Право на трговски друштва***

- Да се обезбедат високи стандарди во ревизорската професија.

***Конкуренција***

- Да се обезбеди натамошно подобрување на досието за спроведување во областите на анти-труст и контрола на државната помош.

***Информатичко општество и медиуми***

- Да се транспонира и да се спроведе рамката на ЕУ за информатичко општество и медиуми.

- Да се донесе законодавството за електронска трговија и условен пристап до услугите.

- Да се продолжи процесот на усогласување на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Директивата за телевизија без граници.

- Да се обезбеди натамошно зајакнување на административниот капацитет на регулаторите тела.

***Земјоделство и рурален развој***

- Да се развие глобална стратегија за рурален развој.

- Да се надгради капацитетот на администрацијата во областа на земјоделството и целосната подготовка за спроведување и практична примена на механизмите за управување на Заедничката земјоделска политика, посебно Интегрираниот административен и контролен систем (ИАКС) и Платежната агенција. Да се обезбеди функционирање на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛИПС).

- Да се воспостави регистар за лозја и негово функционирање.

***Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика***

- Да се обезбеди натамошно усогласување на законодавството со *acquis* во врска со трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ) и животински нус-производи, имплементација и контрола на примената и да се воспостави потребниот систем за собирање и третман.

- Да се воспостави соодветно екипиран надлежен орган за здравје на растенијата и обезбедување на соодветни лабораториски капацитети за фитосанитарните служби. Натамошно усогласување на фитосанитарното законодавство со *acquis.*

***Сообраќајна политика***

- Да се продолжи со работата во насока на целосно усогласување со *acquis* во областа на патниот сообраќај. Да се продолжи со работата на усогласување со *acquis* од областа на железницата (прв и втор пакет аранжман за железници интероперабилност). Да се достигне целосна усогласеност со законодавството од областа на воздухопловството. Да се обезбеди засилена примена на соодветното законодавство.

- Да се обезбеди натамошно спроведување на Меморандумот за разбирање за развој за основната транспортна мрежа во ЈИЕ.

***Енергија***

- Да продолжи со спроведување на Договорот **за енергетска заедница**.

- Да се работа во насока во усогласување со *acquis* во врска со нуклеарната енергија и зајакнување на административниот капацитет во секторот.

***Оданочување***

- Да се обезбеди целосно усогласување на законодавството за оданочување со *acquis,* вклучувајќи ново законодавство (на пример Директивата за енергија).

- Да се продолжи со реформа на администрацијата за оданочување и да се обезбеди нејзино правилно функционирање

- Да се продолжи со подготовките за обезбедување на меѓусебно поврзување со компјутеризираните системи на Европската унија.

- Да се подобри транспарентноста и размената на информации со земјите-членки на ЕУ со цел во примената на мерките со кои се спречува одбегнувањето на плаќање даноци. Во овој контекст размената на информации со земјите членки на ЕУ може да се заснова на моделот на спогодба за размена на информации на ОБСЕ.

***Статистика***

- Да се определат статистичките региони што се компатибилни со НУТС и да се почне со изработката на статистички регионални податоци.

- Да се создаде регистар на фарми врз основа на пописот во земјоделството и да се решат преостанатите недостатоци кај земјоделските статистички податоци.

- Натамошен развој на макроекономските и социјалните статистички податоци.

- Да се развијат сигурни деловни статистички податоци врз основа на статистичкиот деловен регистар и пописот на стопанството.

***Социјална политика и вработување***

- Да се обезбеди натамошно усогласување со законодавството на ЕУ на полето на професионалното здравје и безбедност, трудовото право и анти-дискриминацијата, и зајакнување на соодветните административни структури.

- Да се засили Инспекторатот за труд во однос на персонал и опрема за да се овозможи примена на ефикасни и разубедувачки санкции.

- Да се развие и спроведе сеопфатна стратегија за вработување во која се вклучуваат сите релевантни учесници со цел понатамошно учество во Европската стратегија за вработување, поврзано со градење на капацитети за анализа, спроведување и оценка.

***Претпријатија и индустриска политика***

- Да се подготви и спроведе стратегија за индустријата која води кон развој и иновации.

- Натамошен развој на механизмите за поддршка на МСП и да се подобри пристапот на МСП до финансиските услуги.

***Регионална политика и координација на структурни инструменти***

- Да се обезбеди јасна поделба на надлежностите и ефикасна координација меѓу министерствата со цел да се развие сеопфатна и кохерентна стратегија за регионален развој

- Да се воспостави партнерска структура со која се обезбедува тесна соработка помеѓу релевантните учесници на национално и регионално ниво. Да се вклучат социо-економските и други партнери.

- Да се обезбеди дека назначените управни и платежни органи постепено ќе ги градат нивните капацитети.

- Да се изработат и спроведат планови за развој за национално и регионално ниво.

- Да се засилат постапките за управување и контрола на финансиите и да се воспостават соодветни системи за следење и евалуација.

- Да се формира национална агенција за регионален развој.

- Да се развијат капацитети за подготовка и управување со проекти во согласност со структурните и кохезионите фондови, и на централно ниво и на ниво НУТС III.

***Правда, слобода и безбедност***

- Да се заврши спроведувањето на Стратегијата за интегрирано управување со границите.

- Да се заврши спроведувањето на Акцискиот план за реформа на полицијата. Да се продолжи со надградба на опремата и засилена обука. Натамошен развој на системот за управување со човекови ресурси.

- Да се обезбеди натамошен развој на интегриран систем за контраразузнавање. Да се засилат можностите за водење на специјални истраги во борбата против организираниот криминал вклучувајќи недозволена трговија со луѓе, оружје и дроги.

- Да се направат оперативни постапките за азил кои се целосно во согласност со меѓународните и европските стандарди, вклучувајќи и реформиран систем на жалби. Да се засилат административните капацитети со донесување на стратешки план за административни структури како и насоки за обработка на случаите за азил. Да се засили поддршката и управувањето со постапките. Да се засили приемниот капацитет и развој на централни бази на податоци за странци кои покриваат азил, миграција и визи.

- Да се развие и спроведе политиката за миграција вклучувајќи враќање на активна политика која е во согласност со стандардите на ЕУ и е ефикасна во борбата против нелегалната миграција и второстепените миграциски движења.

***Наука и истражување***

- Да се започне со изработка и примена на целосна поширока интегрална политика за истражување.
- Да се засилат капацитетите за истражување и технолошки развој со цел да се обезбеди успешно учество во рамковните програми на Заедницата.

***Животна средина***

- Да се интегрираат барањата за заштита на животната средина во другите секторски политики, посебно преку развивање на оценките за влијание врз животната средина.
- Да се зголемат инвестициите во инфраструктурата на животната средина, со посебен акцент на собирање на отпадните води и нивен третман, доставување на вода за пиење, справување со загадувањето на воздухот и управување со отпад.

***Заштита на потрошувачите и здравјето***

- Да се продолжи со усогласување со *acquis* за мерки поврзани со безбедност.

***Царинска унија***

- Да се обезбеди целосно усогласување на законодавството и постапките од областа на царината со законодавството и стандардите на ЕУ и целосно спроведување на овие постапки на целата територија.
- Да се обезбеди постојано зајакнување на Царинската управа и обезбедување на нејзино соодветно функционирање со цел да се достигнат стандардите на ЕУ.Целосно спроведување на Стратешкиот план 2004-2008.
- Да се продолжи со подготовките со цел да се обезбеди поврзаност со компјутеризираните системи на ЕУ.

***Надворешна безбедносна и одбранбена политика***

- Да се обезбеди дека „Водечките принципи на ЕУ што се однесуваат на аранжманите помеѓу државата, како дел од Статутот од Рим на Меѓународниот кривичен суд и Соединетите Држави во врска со условите за предавање на лица на Судот“, донесени на 30 септември 2002, се целосно земени предвид.

***Финансиска контрола***

- Да се развијат и спроведат принципите за децентрализирана одговорност на раководството и функционална независност на внатрешната ревизија во согласност со меѓународно прифатените стандарди и најдобрите практики на ЕУ, следејќи го моделот на Европската унија за јавна внатрешна финансиска контрола (ПИФЦ), преку кохерентно законодавство и соодветен институционален капацитет. Да се обезбеди дека процесот насочен кон постигнување кон овој модел го управува Министерството за финансии во кои има улога на координатор и усогласувач.

- Да се обезбеди натамошно јакнење на оперативните капацитети и функционална како и финансиска независност на Државниот завод за ревизија.

- Да се развијат постапки и административни капацитети со цел да се обезбеди ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕЗ.

## 4. ПРОГРАМИРАЊЕ

Помошта на Заедницата во согласност со процесот за стабилизација и асоцијација на земјите од Западен Балкан ќе се обезбеди согласно постоечките финансиски инструменти, посебно Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 2666/2000 од 5 декември 2000 година за помош на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија и Република Македонија[3]. Соодветно оваа Одлука нема финансиски импликации. Република Македонија може да има пристап до финансирање од хоризонталните програми наменети за повеќе земји.

## 5. УСЛОВЕНОСТ

Помошта на Заедницата во согласност со процесот за стабилизација и асоцијација на земјите од Западен Балкан е условена од натамошниот напредок за исполнување на критериумите од Копенхаген како напредокот при исполнување на конкретните приоритети од ова Европско партнерство. Доколку не се успее да се почитуваат овие услови тоа ќе доведе до Советот да преземе соодветни мерки врз основа на член 5 од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр.2666/2000. Помошта на Заедницата исто така ќе биде предмет на условите определени со Заклучоците на Советот од 29 април 1997 година и

21-22 јуни 1999 година, посебно во однос на преземањето на примателот да спроведе демократски, економски и институционални реформи.

[3] OJ L 306, 7.12.2000, стр.1, Регулатива последно изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112//2005 (OJ L 344, 27.12.2005, стр.23):

## 6. СЛЕДЕЊЕ

Спроведувањето на Европското партнерство ќе се следи преку механизмите утврдени согласно процесот за стабилизација и асоцијација, видливо во годишните извештаи доставени од Комисијата.

| Листа на институции | |
|---|---|
| **Кратенка** | **Објаснување** |
| АВРМ | Агенција за Вработување на РМ |
| АДС | Агенција за државни службеници |
| АЕ | Агенција за енергетика |
| АЕК | Агенција за електронски комуникации |
| АЖС | Агенција за железнички сообрајќај |
| АК | Адвокатска комора |
| АОСО | Академија за обука на судии и обвинители |
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ |
| АСИ | Агенцијата за странски инвестиции |
| АЦВ | Агенција за цивилна и воздушна пловидба |
| БЈН | Биро за јавни набавки |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| БСР | Биро за стокови резерви |
| ВА_ЕСЧП | владин агент за следење на судската практика на ЕСЧП |
| ВРМ | Влада на Република Македонија |
| ВСРМ | Врховен суд на Република Македонија |
| ГС | Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| ГС_СРД | Сектор за спроведување на рамковен договор |
| СЗ | Секретаријат за законодавство |
| ДБК | Дирекција за безбедност и контраразузнавање |

